## Материјал за учење за перидот од 16.3.2020 до 23.3.2020

## ТЕМА 6. СИНЏИРИ НА ИСХРАНА

### ЧАС 49 . **ЛОКАЛНИ ЖИВЕАЛИШТА**

**Поворуваме**
**-Што е животна средина ?**
*(Сè што не опкружува)*
**- Што е живеалиште ?**
*(Место каде што живее еден жив организам)*
**-Со каков жив свет се населени различните живеалишта?/**
*(Флора-растенија),(фауна – животни), разни микроорганизми ,габи (печурки,квасци,мувли) ,алги.*
-----------------------------------------------------------------------
Размислете за некои од локалните живеалишта (ливада, река ,шума) кои живи организми ги среќаваме таму
**• Еве на пример ако размислиме кои живи организми живетат во една шума**
-Растенија разни, треви, грмушки, дрва... верверички, зајаци, птици, лисици, волци, мечки ....
Дали се некако поврзани?
Се очекува да се досетиш дека тие зависат едни од други во однос на исхраната.

Пример : (растение-трева , зајак ,лисица) .Како се поврзани овие организми во однос на исхраната?

**Поврзаноста на живите организми во однос на исхраната се прикажува со на синџир на исхрана.**
Таа се претставува со **синџир на исхраната** со користење на **стрелки**. На пример:
трева ⟶ зајак ⟶ лисица

**Секој жив организам во еден синџир на исхрана претставува алка од синџирот на исхрана**

Отвори учебник!
• Погледни го синџирот на исхраната во различни живеалишта(стр 108-ливада ,стр 122, шума стр. 124-океан, стр.
Што забележувате во врска со нив? Што имаат заедничко?

(се очекува да се досетиш дека
-секој синџир на исхрана може да има повеќе алки,
- и секој синџир на исхрана започнува со растение на копно , со алга или растителенн планктон во вода
-секогаш поголемите ги јадат помалите организми,
- секое животно не се храни само со еден вид на животно или растение т. е животните имаат разновидна исхрана и може да ги изедат многу други животни
-секој жив организам може да претставува храна за повеќе други живи организми
----------------------------------------------------------------------------
**Примена на знаења**
Игрјте игра на следниот линк
https://www.sheppardsoftware.com/content/animals/kidscorner/games/foodchaingame.htm
(Линкот со играта за да можеш да го отвориш или копирај го и пребарај на интернет или преку комбинирано стискање на копчето Ctrl и лев клик со маусот на линкот)
------------------------------------------------------------------------
**Домашна задача : Напишете три синџири на исхрана**

### ЧАС 50 . **ЛОКАЛНИ ДИВИ ЖИВОТНИ**

Направете список на локани птици кои можеби би ги виделе во местото каде живеете .

Составете синџир на исхрана за некоја од наведените локални птици. (по потреба може да користат интернет за да се истражи за самата птица со што се храни и кому претставува храна)

.--------------------------------------------
Напиши **домашна задача** во која ќе има

1.Најмалку еден , а најмногу три синџири на исхрана во кој влегува нкоја птица од нашето поднебје
2.Твое размислување како расфрлањето на отпад може негативно да влијае на животните